Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
ДРЖАВЕН ИСПИТЕН ЦЕНТАР
QENDRA SHTETËRORE E PROVIMEVE
Бр./Nr. 02-86/1
23.01.25

Врз основа на член 8 став 1, 2 и 3 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/19), а во врска со член 24 од Законот за општата управна постапка („Службен весник на Република Македонија“ бр. 124/15 и 65/18) и член 20 став 1 алинеја 11 од Статутот на Државниот испитен центар бр.01-9/1 од 23.11.2009 година, бр.02-34/1 од 14.1.2011 година и бр.01-228/2 од 6.5.2015 година, директорот на Државниот испитен центар донесе

# РЕШЕНИЕ

*за определување службено лице за посредување при остварување на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер*

1. За службено лице одговорно за посредување со информации од јавен карактер се определува административниот службеник, **Сања Јосифовска**, *Советник за издавачка дејност и лектура*, вработена во Државниот испитен центар:

2. Лицето од точка 1 на ова решение се обврзува да контактира и да ги дава потребните информации од јавен карактер со кои располага Државниот испитен центар и да му помага на барателот на информации, за што се води посебна евиденција за примањето на барања за информации, чувањето и давањето на информации, согласно Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, друг закон и актите на Државниот испитен цнетар.

3. Службеното лице од точка 1 на ова решение по добивањето на барањето формира предмет со сите релевантни податоци и е должно во целост да постапува согласно Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер и Законот за општата управна постапка и истото е овластено да ги потпишува сите документи и акти поврзани со остварување на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер.

4. Ова решение стапува во сила со денот на неговото донесување.

5. Ова решение се објавува на веб страната на Државниот испитен центар.

6. Се става вон сила Решението бр.03-348/2 од 15.9.2021 година.

## *Образложение*

Врз основа на член 8 став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер *„Секоја имател на информации за посредување определува едно или повеќе службени лица при остварувањето на правото на слободен пристап до информации.“*

Имајќи го предвид горенаведеното се донесе решение како во диспозитивот.

***Правна поука:*** *Против ова решение може да се поднесе жалба до Комисијата на Агенцијата за администрација за решавање во втор степен по жалби и приговори на административните службеници во рок од 8 дена од денот на приемот на решението.*

ДРЖАВЕН ИСПИТЕН ЦЕНТАР
в.д. ДИРЕКТОР

***м-р Даниела Јовчевска Михајловска***

**Доставено до:**

- Агенцијата за заштита на правото за слободен пристап до информации од јавен карактер;
- Службеното лице за посредување со информации;
- Архивата и
- Одделението за нормативно-правни, административни и општи работи.